www.exim.gov.mk

ЕДНОШАЛТЕРСКИ СИСТЕМ ЗА ДОЗВОЛИ ЗА УВОЗ, ИЗВОЗ И ТРАНЗИТ НА СТОКИ И ТАРИФНИ КВОТИ - EXIM

ДИГИТАЛЕН СЕРТИФИКАТ

Зошто е потребен?

Деловната заедница може да ги поднесува своите барања за издавање на лиценци за увоз, извоз и транзит на стоки до државните органи, како и барањата за распределба на тарифни квоти и транзитните документи до царинските органи, преку едношалтерски систем достапен на следната веб страна: www.exim.gov.mk кој државните органи задолжително го користат за издавање на бараните документи. Барањата и дозволите кои деловната заедница и државните органи ги размануваат преку информациониот едношалтерски систем ги потпишуваат со користење на електронски потпис (дигитален сертификат).

Што е дигитален сертификат?

Своерачниот потпис кој се става на хартиени документи не може да се примени на електронски документи и во интернет средина. Дигитален сертификат е средство кое содржи, односно го потврдува електронскиот потпис и го заменува своерачниот потпис за документите во електронски облик.

Сертификатот може да се инсталира на компјутер. Исто така, може да се зачува на локална мрежа која може да се користи од повеќе компјутери. Најбезбеден и најсофистициран начин на чување на сертификатот е на надворешен електронски медиум, како што е токенот. Во овој момент, EXIM поддржува потпишување на барања и дозволи со сертификат кој е инсталиран на компјутер, но наскоро ќе биде овозможно и користење на сертификат кој се чува на токен.

Како и каде можете да набавите сертификат?

КИБС и Македонски Телеком се двете регистрирани компании при Министерството за финансии за издавање на дигитални сертификати. Сите потребни информации во врска со условите, начинот на набавка и инсталација на сертификатите можете да ги најдете на нивните веб страници:

- √ КИБС (http://ca.kibs.com.mk/)
- √ Македонски Телеком (http://www.telekom.mk/business/?z=626),

За потребите на EXIM, треба да набавите сертификат за правно лице, бидејќи истите содржат информација за носителот на сертификатот (физичкото лице - потписник), како и за правното лице кое тоа го претставува. EXIM го поддржува потпишување со следните видови сертификати кои ги издаваат овие 2 компании:

- Верба Про - наменет за лично користење за професионални цели (издавач: КИБС-ИС) и
- Доверливост KS - наменет за стандардни апликации за физички и правни лица (издавач: Македонски Телеком)

Поддржано од: USAID eGov Project INTERNEWS

Корисниците на EXIM во рамките на една компанија (економски оператор) за секој регистриран кориснички профил (корисничко име и лозинка) треба да поседуваат посебен, валиден дигитален сертификат. Законска обврска за издавачот е сертификатот да го издаде во рок од 5 работни дена од приемот на барањето. Сертификатот има период на важност од 1 година, со можност за обнова.

Каде се користат дигитални сертификати?

Може да го користите сертификатот за многу повеќе електронски апликации, а не само за потребите на EXIM. Со се поголемото воведување на апликации за е-Влада од страна на Владата и јавните институции, дигиталниот сертификат може да биде вашиот неопходен клуч до новиот ефикасен и транспарентен начин на модерно деловно работење.